### *Одбележување на детската недела и 5 Октомври – Денот на учителот*

**Со пригодна програма организирана од страна на литературната секција се одбележа Меѓународниот ден на учителите. Нашите ученици на наставниците им посакаа добро здравје и многу индивидуални и колективни успеси во едукацијата на учениците. Со нивната благородна професија тие ја вградуваат во совеста големината на детските права како составен дел на човековите права кои постојат за да бидат почитувани за полесно опстојување и постоење на учениците.**







**Со желба за безбедно и безгрижно детство, исполнето со многу радост и песна повозрасните другарчиња им посакаа добредојде на првачињата и им го честитаа приемот во Детската организација.**

**„Драги првачиња, денес вие влегувате во вашиот втор дом, а тоа е училиштето. Од денес започнува вашата битка со бројки, букви, знаци и што ли не. Но не плашете се, во училиштето со помош на наставниците ќе научите многу нешта кои ќе ви се потребни во натамошниот живот. Ќе се запознаете со многу другарчиња со кои ќе ги минувате деновите кои секогаш ќе ви останат во сеќавање. Во името на сите ученици ви посакуваме пријатни успешни денови исполнети со другарување, учење, забава. Ние сме тука да ви помогнеме на тој пат.”**



**Одделенската настава од централното училиште со различни активности ги одбележа денот на детето и денот на учителот, со едно заедничко мото:**

***„Другарството е дел од детската среќа.”***









**Преку работилница на тема: Секое дете има право на љубов и разбирање, и од подрачното училиште во с. Кадино Село, се одбележа Детската недела и Денот на детето.**





Учениците од подрачното училиште во Големо Коњари преку мотото „Децата имаат право на љубов” и пораката „Во нашиот свет сите сме еднакви” го одбележаа Светскиот ден на детето – 5 Октомври.










